# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **28.04.2015 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 5 – 2015 год.** |

АПРИЛ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24 април 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за 2015 година прв квартал..

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18-388/3** | **Совет на општина Македонски Брод**

**24.04.2015 година** | **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** | **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 9 и 10 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**За измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена”-Македонски Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година**

Член 1

Со оваа одлука се менува Член 8 од Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие “Комунална хигиена”-Македонски Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година објавена во „Сл.гласник на општина Македонски Брод” број 3 од 27.03.2015 година и гласи:

Износот на средтсвата за основање на претпријатиетието ги обезбедува општина Македонски Брод како основачки влог.

Основачкиот влог се состои во материјални средства, ровокопач- утоварач со бр.на шасија SLP3CXTSSE0432899, идентификационен бр.0432899, сериски број 738/1/00560, марка JCB 3CH, година на производство 1995г. во сопственост на општина Македонски Брод чија вредност е утврдена по проценка од овластен проценител која е составен дел на оваа одлука.

Износот на основачкиот влог изнесува 1.070.100,00 денари.

Основачкиот влог Основачот – Советот на општина Македонски Брод го пренесува на ЈП” Комунална хигиена”- Македонски Брод.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18-388/4
24.04.2015 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Комунална хигиена"-Македонски Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година**

Се прогласува Одлуката за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Комунална хигиена"-Македонски Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година.

**Бр.08- 388 /11**
**28.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# ***АКЦИОНЕН ПЛАН***

## ***ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА ВО***

## ***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 година***

**ВОВЕД**

Општина Македонски Брод, согласно член 133 од Законот за води (Сл.весник на РМ бр.87/08,06/09,161/09,83/10 и 51/11) и по укажувањето бр.11-9639/1 од 18.09.2014 година на Министерството за животна средина и просторно планирање е должна да изврши процена на состојбата на речните корита во подрачјето на нејзиното делување во однос на обезбедување на непречен проток на водите и да изготви Акционен план за чистење на речните корита во Република Македонија за 2015 година.

Во Акциониот план се вклопени следните сегменти:речните корита, активностите кои треба да се спроведат за чистење на речните корита, финансиската конструкција за реализација на овој план, потребни количини на еуродизел и бензин, времетраењето предвидено за реализација на активностите, потребната механизација, како и бројот на извршители за целосна реализација на предвидениот план. Во планот дадени се посебни акциони планови за поединечните речни корита кои се најдуваат на подрачјето на делување на Општина Македонски Брод

Во Акциониот план дадени се и табеларни прикази по предвидените активности за реализација на чистењето на речните корита за 2015година, согласно насоките и барањата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**РЕКА ТРЕСКА**

**Делница 1** – Река Треска на просторот од ученичкиот дом „Св.Наум Охридски“ до градскиот мост, во должина од 290м.

На оваа делница постои можност да бидат загрозени од поплавување приватни куќи, бензиска пумпа, трговски и угостителски објекти и мостот кој е на таа делница, водоводна, канализациона и телекомуниокациска мрежа.

Потешкотии за реализирање на овој проект во оваа делница не се очекуваат и оваа делница е пристапна за механизација.

Со чистењето на оваа делница( од Т1 до Т2) ќе се постигне заштита на приватните куќи, бензиската пумпа, трговските и угостителските објекти, мостот на оваа делница, водоводната, канализациона и телекомуникациска мрежа.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машински ископ и расчистување на нанос и ниска вегетација и проширување и продлабочување на речното корито | 20 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 1- машинист | 1 ден | 40 | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | 40литри | | | |

**Т1 X=518300,6 Y=595715.7**

**Т2 X=518460.6 Y=595957.1**


Партизанска
Димитар Влахов
Илинденска
N

**Делница 2** – Од Станицата за технички преглед до мостот Алкалоид , во должина од 130 метри

На оваа делница постои голема опасност за загрозување на долниот строј на регионалниот пат Македонски Брод-Прилеп, поради тоа што на овој дел речното корито се дели на два краци од кои едниот во услови на зголемен водостој директно е насочен кон регионалниот пат и проаѓа во непосредна близина на истиот, како и загрозување на вододводната мрежа која оди од градскиот водовод до село Девич.

Потешкотии за реализација на активностите за чистење на речното корито на оваа делница би се појавиле евентуално заради физичко –механичките карактеристики на почвата на „речниот остров“ која се планира да се отстрани и да се дислоцира на десниот крак од постојното речно корито.

Со реализација на предвидените активности на оваа делница(од Т3 до Т4) би се постигнала трајна заштита на регионалниот пат и водоводната инфраструктура и би се добило едно регулирано корито на реката Треска.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машински ископ на земја од IV-такатегорија,расчистување,депонирање на ископаниот материјал на растојание до 20 метри и продлабочување на речното корито | 30 м3 | 1 – багер гасеничар | 1 машинист | 1 ден | 60 литри | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | 60 литри | | | |

**Т3 X=519525,0 Y=596496,0**
**Т4 X=519558,6 Y=596617,4**


N

**Делница 3 –** Од м.в.Бели пат до с.Суводол во должина од 300 метри

На оваа делница постои можност за загрозување од поплави на приватни куќи и земјоделско обработливо земјиштесо површина од 5 хектари, кое се најдува во приватна сопственост.

Потешкотии при реализација на овие активности не се очекуваат.

Со чистењето на оваа делница (од Т5 до Т6) би се обезбедила заштита на делстанбените објекти од с.Сувидол и заштита на обработливото земјиште и посевите на разни земјоделски култури.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машински ископ на материјал од речното корито,депонирање на истиот на брегот на реката,расчистување на ситна вегетација и подобрување на еколошкиот амбиент. | 90 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар 1- булдожер гасеничар | 2 машинисти | 2 дена | 180 литри | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | 180литри | | | |

**Т5 X=520209,9 Y=596997,4**

**Т6 X=520261,4 Y=597248,2**


N

**Делница 4 –** Село Суводол до база од „Силика“во должина од 830метри

На оваа делница постои можност  од поплавување на околу 10 хектари земјоделско обработливо земјиште со насади  и посеви кое се најдува во приватна сопственост како и на приватни куќи кои се најдуваат во близина на речното корито.

Потешкотиии кои се очекуваат во однос на реализација на овие активности се однесуваат на сопственоста на  земјиштето кое се најдува во приватна состојба.Оваа делница е пристапна за механизација.

Со чистењето на оваа делница (од Т7 до Т8) би се постигнала заштита од полави на приватни станбени објекти и обработливото земјоделско земјиште

| Ред. бр | Активност | Количина | Механизација | Изврштели | Време | ЕУдизел | Бензин | Денари | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот на реката Треска | 60 $м^{3.}$ | Две моторни пили ,еден камион дигалка | 2 – секачи<br>4 –изнесувачи<br>1 - возач | 4 дена | 80литри | 30литри | | |
| 2. | Машински ископ на земја,расчистување,депонирање на ископаниот материјал на растојание до 20 метри и продлабочување на речното корито | 100 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 1-машинист | 4дена | 300литри | | | |
| 3. | Утовар и транспорт на дрвна маса до склад на ЈП Македонски шуми - Македонски БродL=5km | $50м^3$ | 1 – камион | 1 возач | 2 дена | 50 литри | | | |
| | | | | ВКУПНО: | | 430литри | 30литри | | |

**Т7      X=520616,8      Y=598018,4**

**Т8      X=520151,3      Y=598459,9**


N

**Делница 5 –** Од место викано Требинско речиште до локалитетот Пешна во должина од 1780 метри

На оваа делница постои можност од поплавување 15 хектари обработливо земјоделско земјиште, локалитетот Пешна, угостителски објекти и спортско игралиште.

Потешкотиии кои се очекуваат во однос на реализација на овие активности се однесуваат на сопственоста на земјиштето кое се најдува во приватна состојба.Оваа делница е пристапна за механизација.

Со чистење на оваа делница ќе се заштити земјоделското земјиште кое секоја година е засадено со земјоделски култури, потоа угостителските објекти во локалитетот Пешна и спортското игралиште кое е до овој локалитет.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот на реката Треска | 90 $м^{3.}$ | Две моторни пили ,еден камион дигалка | 2 – секачи<br>4 –изнесувачи<br>1 - возач | 7дена | 150литри | 40литри | | |
| 2. | Машински ископ на земја,расчистување,депонирање на ископаниот материјал на растојание до 20 метри и продлабочување на речното корито | 200 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 1-машинист | 7дена | 500литри | | | |
| 3. | Утовар и транспорт на дрвна маса до склад на ЈП Македонски шуми - Македонски БродL=6км | $80м^{3}$ | 1 – камион | 1 возач | 3дена | 80литри | | | |
| | | | | ВКУПНО: | | 730литри | 40литри | | |

**Т9 X=519965,6 Y=598664,1**

**Т10 X=520745,5 Y=599897,0**



**Делница 6 –** Од место викано Бабин дол до мостот во село Девич во должина од 980 метри

На оваа делница има загрозување на 10ха земјоделско обработливо земјиште, приватни стамбени и угостителски објекти и телекомуникациската мрежа од овој дел.

Потешкотиии кои се очекуваат во однос на реализација на овие активности се однесуваат на сопственоста на земјиштето кое се најдува во приватна состојба.Оваа делница е пристапна за механизација.

Реализацијата на предвидените активности за чистење на оваа делница (од Т11 до Т12) ќе го заштити земјоделското обработливо земјиште,приватните стамбени и угостителски објекти,а и телекомуникациската мрежа.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот на реката Треска | 65 $м^{3.}$ | Две моторни пили ,еден камион дигалка | 2 – секачи<br>4 –изнесувачи<br>1 - возач | 5дена | 110литри | 35литри | | |
| 2. | Машински ископ на земја,расчистување,депонирање на ископаниот материјал на растојание до 20 метри и продлабочување на речното корито | 120 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 1-машинист | 4дена | 300литри | | | |
| 3. | Утовар и транспорт на дрвна маса до склад на ЈП Македонски шуми - Македонски БродL=8км | 60$м^3$ | 1 – камион | 1 возач | 3дена | 100литри | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | 510литри | 35литри | | |

**Т11 X=519705,3 Y=600226,8**

**Т12 X=519549,0 Y=600928,2**


Бугало
N

**Делница 7 –** Село Лаг во должина од 840 метри

На оваа делница има загрозување на 10ха земјоделско обработливо земјиште, приватни стамбени објекти и телекомуникациската мрежа од овој дел.

Потешкотиии кои се очекуваат во однос на реализација на овие активности се однесуваат на сопственоста на земјиштето кое се најдува во приватна состојба. Оваа делница е пристапна за механизација.

Реализацијата на предвидените активности за чистење на оваа делница (од Т13 до Т14) ќе го заштити земјоделското обработливо земјиште,приватните стамбени објекти, а и телекомуникациската мрежа.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот на реката Треска | 65 $м^{3.}$ | Две моторни пили ,еден камион дигалка | 2 – секачи<br>4 –изнесувачи<br>1 - возач | 5дена | 110литри | 35литри | | |
| 2. | Машински ископ на земја,расчистување,депонирање на ископаниот материјал на растојание до 20 метри и продлабочување на речното корито | 120 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 1-машинист | 4дена | 300литри | | | |
| 3. | Утовар и транспорт на дрвна маса до склад на ЈП Македонски шуми - Македонски БродL=8км | 60$м^3$ | 1 – камион | 1 возач | 3дена | 100литри | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | 510литри | 35литри | | |

**Т13 X=519565 Y=609714**

**Т14 X=520177 Y=609883**


N
Google earth

**РЕКА СЛАНШТИЦА**

**Делница 1** – Од влезот на механичарската работилница на ЈП„Македонски шуми“до вливот во реката Треска во должина од 800 метри

На оваа делница има загрозување на објекти од градско подрачје(приватни стамбени објекти),погон на „ЕМО“,дел од регионалниот пат Македонски Брод-Прилеп (улица „Маршал Тито“) и мост на истиот пат,водоводна и канализациона мрежа,телекомуникациска мрежа,регионален водовод „Студенчица“,пречистителна станица,како и околу 2ха обработливо земјиште.
Потешкотии кои се очекуваат при реализацијата на овој проект се однесуваат на сопственоста на земјиштето кое во овој реон е во најголем дел во приватна сопственост.Оваа делница е пристапна за луѓе и механизација.Земјиштето кое се наоѓа на оваа делница е 1ха насади и 1ха посеви.
Со чистењето на оваа делница (од Т1 до Т2) ќе се постигне заштита од поплави на приватни стамбени објекти,заштита на регионалниот пат Мак.Брод-Прилеп и мостот на истиот,заштитана земјоделско обработливо земјиште,заштита на водоводна канализациона и телекомуникациска мрежа,подобрување на еколошкиот амбиент како и заштита на погонот на „ЕМО“и прецистителната станица.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машински ископ и расчистување на нанос,ниска вегетација и продлабочување на речното корито | 80 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар 1-булдожер гасеничар | 2-машинисти | 3дена | 200литри | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | 200 литри | | | |

**Т1 X=519214,9 Y=595739,5**

**Т2 X=519361,6 Y=596407,6**



**РЕКА БРАЌАМЧИЦА с.МАНАСТИЕЦ**

**Делница 1** – Од 40 метра над изградениот мост на реката па се до вливот во реката Треска во должина од 540 метри

На оваа делница има загрозување на приватни стамбени објекти, приватни земјоделски парцели и локалниот пат
.

Потешкотии кои се очекуваат при реализацијата на овој проект се однесуваат на сопственоста на земјиштето кое во овој реон е во најголем дел во приватна сопственост.Оваа делница е пристапна за луѓе и механизација.Земјиштето кое се наоѓа на оваа делница е земјоделско и дел градежно.

Со чистењето на оваа делница (од Т1 до Т2) ќе се постигне заштита од поплави на приватни стамбени објекти,заштита на локалниот пат Р 104 – Манастирец и мостот на истиот, заштита на земјоделско обработливо земјиште, подобрување на еколошкиот амбиент и заштита на животната средина.

| **Ред. бр** | **Активност** | **Количина** | **Механизација** | **Извршители** | **Време** | **ЕУдизел** | **Бензин** | **Денари** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Машински ископ и расчистување на нанос, ниска вегетација и продлабочување на речното корито | 1620 $м^{3.}$ | 1-багер гасеничар | 2-машинисти | 3дена | 150литри | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | 150 литри | | | |

**Т1 X= 518 228 Y= 607 916**

**Т2 X= 518 718 Y= 607 721**


A
B
© 2015 Google
Image © 2015 CNES / Astrium
Google earth

**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**:

2 Секачи ангажирани ..................................................21 ден х 3.000 - 63. 000,00 ден.
4 Износувачи ангажирани........................................... 21 ден х 6.000 – 126.000,00 ден.
1 Возач на камион дигалка......................................... 9 дена х 1.500 - 13.500,00 ден.
1 Возач на камион........................................................ 9 дена х 1.500 – 13.500,00 ден.
2 Машинисти............................................................... 24 дена х 3.000 - 72.000,00 ден.
Вкупно................................................................................................ **288.000,00ден.**

**ГОРИВА:**

Еуродизел...........................................................................2810 литри – 188.270,00 ден.
Бензин..................................................................................140 литри – 10.920,00 ден.
Вкупно:.......................................................................................... **199.190,00 ден.**

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (ЕДИНЕЧНИ ЦЕНИ)**

Секач...............................................................1.500,00ден/ден
Изнесувач.......................................................1.500,00ден/ден
Возач на камион дигалка...............................1.500,00ден/ден
Возач на камион/трактор...............................1.500,00ден/ден
Машинист.......................................................1.500,00ден/ден
Еуродизел.........................................................67,00ден/литар
Бензин...............................................................78,00ден/литар

**Вкупно потребни финансиски средства за реализација на Акциониот план за чистење на речните корита во Општина Македонски Брод се 487.190,00 денари.**

**Бр.18 – 388/5**
**24.04.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Акционен план за чистење на речни корита во Општина Македонски Брод**

Се прогласува Акционен план за чистење на речни корита во Општина Македонски Брод, што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година.

**Бр.08- 388 /11**
**28.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 24.04.2015 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За преименување на вештачкото езеро „Козјак“ во „Поречко Езаро“**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука вештачкото езеро „Козјак“ се преименува во „Поречко Езеро“.

**Член 2**

Преименувањето на називот на вештачкото езеро е по иницијатива на Здружението на граѓани „Порече“ и по предлог на граѓаните на Општина Македонски Брод, произлезен од форумските процеси релизирани од страна на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните органи заради понатамошно постапување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр: 18 – 388/6
24.04.2015 г.

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за преименување на вештачкото езеро „Козјак“ во „Поречко Езаро“**

Се прогласува Одлуката за преименување на вештачкото езеро „Козјак“ во „Поречко Езаро“, што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година.

**Бр.08- 388 /11**
**28.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барње од Група Граѓани –станари во зграда на ул.Партзианска бр.47, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Согласно овој заклучок а во врска со поднесеното барање од станарите на ул.Партизанска бр.47 Македонски Брод Советот заклучи да не се постапува однос на вакви барања .

2.Се задолжува Градоначалникот да ангажира градежен инспектор кој треба да донесе решение за рушење со цел да се реализира урбанистичкиот план.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод

**Бр. 18 - 388 / 7**
**24.04.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03),по доставено барање од Симјаноски Пецо од с,Суви дол Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на финансиски средства од Буџетот**
**на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за исплата на заостанат долг за потрошена електрична енергија од сега ликвидираното радио Морис-Плус –Македонски Брод.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18-388/13**
**24.04.2015 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година.

**Бр.08- 388 /11**
**28.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Согласно овој заклучок а во врска со Одлука за отстранување на времени објекти заради реализација на ДУП Блок -2 за Македонски Брод бр.18-332/4 од 02.04.2015 година се задолжуваат сопствениците на времените објекти истите да ги отстранат најкасно до 28.04.2015 година .

2. Доколку сопствениците на времените објекти не ги отстранат објектите до 28.04.2015 година, Општината Македонски Брод ќе ги превземе работите за отстрануање на времените објекти на трошок на сопствениците на времените објекти во износ од 2000 евра за секој сопственик на времен објект.

3. Со овој заклучок да се известат сопствениците на времените објекти .

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод

**Бр. 18 - 388 / 9**
**24.04.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од Змејкоски Златко број 18-399/1 од 24.04.2015 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 24.04.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Македонски Брод донесе заклучок по однос на барањето да постапи Управниот одбор на ЈП„Водовод и канализација – Македонски Брод и го извести Советот за постапувањето.

2. Со заклучокот да се запознае УО на ЈП„Водовод и канализација“ заедно со поднесеното барање.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод

**Бр. 18 - 388 / 10**
**24.04.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 5 од 28.04.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбите на секое задолжување на Општина Македонски Брод ........................................................................................................стр.2

Одлука за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена“ - Македонки Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година................стр.3

Заклучок за прогласување на Одлука за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена“ - Македонки Брод бр.18-286/12 од 23.03.2015 година ........................................................................................................стр.4

Акционен план за чистење на речните корита во Општина Македонски Брод за 2015 година........................................................................................................стр.5

Заклучок за прогласување Акционен план за чистење на речните корита во Општина Македонски Брод за 2015 година........................................................................стр.26

Одлука за преименување на вештачкото езеро „Козјак“ во „Поречко езеро“........................................................................................................стр.27

Заклучок за прогласување на Одлука за преименување на вештачкото езеро „Козјак“ во „Поречко езеро“....................................................................................стр.28

Заклучок по поднесено барање од Група на граѓани...........................................стр.29

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод..............................................................................................стр.30

Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод..................................................................стр.31

Заклучок за времени објекти........................................................................стр.32

Заклучок по поднесено барање од Змејкоски Златко..........................................стр.33